СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 4738/2
30. 07.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на ШЕСНАЕСЕТАТА ВОНРЕДНА седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 30..07.2021 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам ШЕСНАЕСЕТАТА ВОНРЕДНА седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
Заради утврдување на присутноста на советниците на седницата предлагам поединечно повикување.
РИСТО САКАЛИЕВ: Мирјана Гркова
МИРЈАНА ГРКОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ:Горица Пеливанова Вилхем
М-р ГОРИЦА ПЕЛИВАНОВА ВИЛХЕМ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Виолета Димитрова
ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Василка Дрварова
ВАСИЛКА ДРВАРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Развигор Кабранов
РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Весна Ѓорѓиева
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Митко Камчев
МИТКО КАМЧЕВ:Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Анита Гинова Каракутова
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Душица Крстиќ
ДУШИЦА КРСТИЌ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Божанка Минова

БОЖАНКА МИНОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Тони Нешковски
ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Драганчо Николов
ДРАГАНЧО НИКОЛОВ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Петар Николов.
ПЕТАР НИКОЛОВ :Тука.
Ташо Радњански тука . Ристо Сакалиев тука
Јосиф Стојанов.
ЈОСИФ СТОЈАНОВ :Тука .
РИСТО САКАЛИЕВ: Блаже Тасев
БЛАЖЕ ТАСЕВ: Тука .
РИСТО САКАЛИЕВ: Никола Трендафилов тука
Лазар Туриманџов по телефон овде.
На седницата присуствуваат 19 советници , отсутни нема .

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува.

Согласно член 40 став 4 од Законот за локална самоуправа "пред започнувањето на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница".

Се образложуваат причините од предлагачот. Повелете Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Почитуван Претседател на Совет , почитувани советници, прво да се заблагодарам за можноста за оваа вонредна седница и јас еве лично сакам да ја образложам итноста на седницата и оправданоста . Од 2012 година отпочнат Детален Урбанистички План во градско подрачие, т.н. урбанистички блок 5.9 Вељко Влаховиќ, поточно поради ваша информација спроти црквата Св. Петка или спроти хотелот Фени, празните парцели кои што се предвидени за колективно домување и инвеститорите после 10 години, односно 9 успеаа заедно со нас како Градоначалник, советници и урбанизам да овој план биде во завршна фаза и Министерството за транспорт и врски го потврде планот. Итноста е во тоа што , ние треба само да го констатираме овој план и да го пуштиме во понатамошни доработки, на преклопување катастерски да можат луѓето да си вадат изводи и да може да се развива економијата и луѓето да си ги остваруваат своите права кои што подолго време ги немале во Општина Кавадарци поради х причини кои што овој план многу долго време се носел. Благодарам.

Врз основа на тоа ВЕ повикувам да гласаме за оправданоста н а причините за свикување на оваа ШЕСНАЕСЕТА ВОНРЕДНА седница.
Има ли против и воздржани?Нема утврдуваме 19 за.

Со решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог на Дневен ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :
1.Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024);
Точка 2 СЕ ИЗЗЕМА
Согласно член 40 став 3 од Законот за локална самоуправа на вонредна седница не може да се менува дневниот ред, затоа предлагам да преминеме со гласање на ваквиот дневен ред.
Кој е за? Едногласно. Благодарам.

Преминуваме на точка број 1 .
1.Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024);
Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој збор.Премеинуваме со гласање. Има ли воздржани и против?Нема. Утврдуваме 19 за.
Со ова е исцрпен Дневниот ред . Ја затварам 16 вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.
ГРАДОНАЧАЛНИК : Мене ми преостанува да им се заблагодарам уште еднаш на советниците пошто развојот на Општина Кавадарци инфраструктурски да го продолжиме , така да тоа е добро во делот на економијата и во делот на конкуренцијата.Благодарам на вашето присуство.Да ви посакам убав викенд, продолжен и нормално понеделнички среќен празник, голем наш македонски празник Илинден 2 –ри Август , кој каде да се наоѓа убаво да си помине. Се гледаме на редовна седница отприлика 10-15-ти август. Благодарам.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ-КАВАДАРЦИ